# З А К О Н
## за игрите на среќа и за забавните игри
## ("Службен весник на РМ" бр. 10/97,54/97,13/2001, 2/2002 и 54/2007)

## ( ПРЕЧИСТЕН ТЕКСТ)

## I.ОПШТИ ОДРЕДБИ

Член 1

Со овој закон се уредуваат видовите, условите, организацијата и начинот на приредување игри на среќа и забавни игри во Република Македонија.

Член 2

Игри на среќа, во смисла на овој закон, се игрите во кои учествуваат поголем број лица и во кои на учесниците покрај забава им се дава можност да остварат добивка во пари, предмети или права, при што крајниот резултат на играта не зависи од знаењето и умешноста на учесниците во играта.

Игрите кои не се уредени со овој закон не се сметаат за игри на среќа и е забрането да се приредуваат.

Член 3

Забавни игри, во смисла на овој закон, се игрите на сметачи, конзола за игра ,симулатори, видеоавтомати, флипери, пикадо, билијарди, организирани забавни игри на компјутер и на други слични направи што се ставаат во погон со помош на метални пари, жетони или со готовинска и безготовинска наплата, а во кои учесникот не може да оствари добивка во пари, предмети или права, освен право на една или на повеќе наградни игри на направата за забава.

Член 4

Игрите на среќа и забавните игри се организираат заради забава на учесниците во играта, како и за стекнување средства што се приход на Буџетот на Република Македонија.

Средствата од став 1 на овој член ќе се користат и за финансирање на одредени годишни програми и задачи на здруженија на граѓани (програмите на здруженија на хендикепирани лица, спортот и за Црвениот крст на Република Македонија).

Износот на средствата за намената утврдена во став 2 на овој член, се определува на 50% од вкупниот приход од игрите на среќа и забавните игри утврден во претходната календарска година, но не помалку од 60.000.000 денари и не повеќе од 120.000.000 денари.

Распределбата на средствата од став 2 на овој член ја врши Владата на Република Македонија, врз основа на поднесените програми.

Член 5

Учесници во игрите на среќа и во забавните игри се лицата кои ги исполниле условите пропишани со правилата на играта.

Член 6

Приредувачот на игри на среќа за обезбедување на исплатата на добивките на учесниците во игрите на среќа е должен да депонира депозит во банка со седиште во Република Македонија.

Висината на депозитот во фиксен износ и начинот на користење на депозитот од став 1 на овој член за секоја игра на среќа посебно го определува Владата на Република Македонија со одлука.

Член 7

Приредувањето на игрите на среќа е право на Република Македонија.

Правото од став 1 на овој член, освен правото кое ќе го задржи за себе, Република Македонија може да го пренесе на други приредувачи на игри на среќа.

Член 8

За приредување на игрите на среќа на приредувачот му се издава лиценца, односно одобрение.

Лиценцата и одобрението се непреносливи.

## II.ВИДОВИ ИГРИ НА СРЕЌА

Член 9

Игрите на среќа можат да бидат општи и посебни.

**А. Општи игри на среќа се:**

1) лото;
2) спортска прогноза;
3) лотарија;
4) инстант лотарија;
5) томбола
6) наградна игра.

**Б. Посебни игри на среќа се:**

1) игри што се приредуваат во играчница (казино);
2) интерактивни игри на среќа кои се приредуваат во играчница (казино);
3) игри на автомати за игри на среќа

4) обложување на спортски натпревари

5)обложување на спортски натпревари преку интернет.

Член 10

1. Лото е игра во која учесникот со пополнување на ливче, издадено од приредувачот, што се состои од купон и талон на кое, во согласност со правилата на играта се впишани броеви, погодува определена група броеви со прецртување во сопствен избор. Талонот што останува кај учесникот во играта му носи добивка кога на него се прецртани броевите што се извлечени по пат на јавно извлекување, под услов броевите идентично да се прецртани на талонот и купонот што е навремено депониран кај приредувачот и кога се исполнети другите услови утврдени со правилата на играта.

2. Спортска прогноза е игра во која учесникот, со пополнување на ливче издадено од приредувачот што се состои од купон и талон на кое се назначени натпреварувачките двојки, го погодува резултатот на натпреварите за секој пар посебно со употреба на знакови предвидени со правилата на играта. Талонот што останува кај учесникот во играта носи добивка само кога учесникот ги погодил сите или, со правилата на играта, утврдениот број резултати од натпреварите, а под услов резултатите, односно знакот за резултатот идентично да е впишан, односно прецртан на талонот и купонот што е депониран кај приредувачот и кога се исполнети и другите услови утврдени со правилата на играта.

Резултатите од натпреварувањата што не се земаат предвид или нема да се одржат во предвиденото време, се надоместуваат со резервните натпреварувачки двојки.

3. Лотарија е игра во која учесникот има лоз издаден од приредувачот на кој, во согласност со правилата на играта, е впишан определен број, односно кај кој учеството во играта се означува со тековни (непрекинати) броеви. Лозот носи добивка кога по пат на јавно извлекување се извлечени одделни делови од бројот или целиот број впишан на лозот.

4. Инстант лотарија е игра во која учесникот има лоз, издаден од приредувачот на кој, во согласност со правилата на играта, учесникот може веднаш, со отворање на обвивката или гребење на соодветната заштита, преку впишаниот износ на добивката, определен број или симбол, преку можностите за добивање на комбинацијата на броевите или на симболот, да дознае за можната добивка.

5. Томболата е игра во која учесникот во играта има томболска картичка издадена од приредувачот на која во согласност со правилата на играта се впишуваат определени броеви ,а добивките можат да се постигнат со оние картички што покажуваат комбинација на броеви (комбинација на добивката) која според правилата на играта, е означена како онаа што добива, при што броевите на оваа комбинација се добива по пат на механичко јавно извлекување и истата се објавува.

6. Наградна игра е игра која ја приредуваат едно или повеќе трговски друштва заедно за рекламирање на своите производи и услуги, со јавно објавување на условите за учество во играта, утврдени со правилата на играта.

Член 11

Лозовите и томболските картички за одделни видови игри на среќа од член 10 на овој закон ги евидентира Министерството за финансии.

Приредувачите на игри на среќа по завршувањето на играта на среќа, должни се во рок од 30 дена непродадените лозови и томболски картички да ги вратат во Министерството за финансии, без право на надомест за вратените количини.

Образецот на лозовите и томболските картички ги пропишува министерот за финансии.

Член 12

Посебни игри на среќа, се игрите на среќа што се приредуваат во посебно уредени простории-играчница, во кои учесниците во играта играат против приредувачот на играта и едни против други и тоа: игри на среќа што се приредуваат на маси за игра со топчиња, со коцки и со карти , игри на автомати за игри на среќа и обложување на спортски натпревари.

Интерактивни игри на среќа се посебни игри на среќа во кои учесниците во игрите на среќа од ставот 1 на овој член можат да се вклучуваат преку средства за телекомуникации.

Игрите на автомати за игри на среќа претставуваат игри што искажуваат добивка во жетони, односно пари по комбинации и знаци видливо истакнати на комбинационите валци (добиена линија).

Обложување на спортски натпревари е игра во која согласно со правилата на играта учесниците се обложуваат за резултатите на различни спортски настани.

## III. ПРИРЕДУВАЊЕ НА ИГРИ НА СРЕЌА

Член 13

Приредувањето на игрите на среќа може да биде постојано и повремено.

Постојано приредување на игри на среќа (општи и посебни) може да врши трговско друштво.

Повремено приредување на игри на среќа можат да вршат здруженија на граѓ ани од областа на физичката култура и хендикепираните лица врз основа на одобрение. Повремено можат да се приредуваат игрите на среќа: лотарија и томбола.

Член 13-а

Забранетo е приредување игри на среќа и забавни игри во слободните економски зони на територијата на Република Македонија.

Член 14

Странски правни и физички лица не можат самостојно да приредуваат игри на среќа, освен во случаите утврдени со овој закон.

Член 15

Приредувачот на игри на среќа кој добил лиценца за постојано приредување игри на среќа може да учествува во приредување игри на среќа во странство под услови и критериуми што ги пропишува министерот за финансии.

**1. Лиценца, односно одобрение за приредување на игри на среќа.**

Член 16

Во името на Република Македонија лиценци за постојано приредување на игрите на среќа издава Владата на Република Македонија, по предлог на министерот за финансии.

Одобрение за повремено приредување на игрите на среќа и приредување на играта на среќа наградна игра, издава министерот за финансии.

Член 17

Лиценца за постојано приредување на игри на среќа чиј број е ограничен се издава врз основа на јавен оглас.

Лиценца за постојано приредување на игри на среќа чиј број е неограничен се издава врз основа на одлука донесена од страна на Владата на Република Македонија.

Одобрение за повремено приредување на игри на среќа се издава врз основа на барање на приредувачот што се доставува до Министерството за финансии.

Одобрение за времено приредување игри на среќа од став 2 на овој член се издава за период до девет месеци и истото не може да биде обновено во календарската година во која одобрението престанало да важи.

Член 18

Лиценцата за постојано приредување на игри на среќа и интерактивни игри на среќа може да се даде на трговско друштво со седиште во Република Македонија кое ги исполнува следниве услови:

1) да има основна главнина од најмалку 2.500.000 евра во денарска противредност по среден курс на Народната банка на Република Македонија, освен за играта на среќа Обложување на спортски натпревари основната главнина треба да изнесува најмалку 200.000 евра во денарска противредност по среден курс на Народната банка на Република Македонија и е должно да обезбеди дополнителна банкарска гаранција од 300.000 евра во денарска противредност по среден курс на Народната банка на Република Македонија.

Трговското друштво што ја приредува играта на среќа Обложување на спортски натпревари кое има од 25 до 50 уплатни места е должно да обезбеди дополнителна банкарска гаранција од 50.000 евра во денарска противредност по среден курс на Народната банка на Република Македонија, а за секои наредни 25 уплатни места е должно да обезбеди дополнителна банкарска гаранција од 50.000 евра во денарска противредност по среден курс на Народната банка на Република Македонија.

Ако трговското друштво што приредува играта на среќа Обложување на спортски натпревари поднесе барање за приредување и на друга игра на среќа е должно основната главнина да ја зголеми до најмалку 2.500.000 евра во денарска противредност по среден курс на Народната банка на Република Македонија.

2) кое обезбедило технички, технолошки и просторни услови за вршење на дејноста приредување на игри на среќа;

3) ангажирало управител и други лица кои се стручно оспособени и располагаат со искуство потребно за правилно водење на работата и кои не се осудувани за казниви дела сторени во врска со игри на среќа или забавни игри или за кривично дело од областа на стопанството, и

4) најмалку шест месеци, пред објавувањето на огласот за добивање на лиценца ги намирило обврските кон државата, нема блокирано жиро сметка и редовно исплатува плати.

Трговското друштво е должно да ја одржува вредноста на основната главнина од став 1 точка 1) на овој член.

Член 19

За лотарија, спортска прогноза и инстант лотарија може да се издадат две лиценци на различни приредувачи, а за лото и ТВ Томбола може да се издадат три лиценци на различни приредувачи.

Државата може самостојно да ги приредува сите општи игри на среќа споменати во ставот 1 на овој член.

Член 20

Одобрение за повремено приредување на игри на среќа може да се даде на здружение на граѓани од областа на спортот и физичката култура и здружение на хендикепирани лица кое:

1) ќе ги обезбеди техничките, технолошките и просторните услови за приредување на играта на среќа и

2) документирано ќе ја образложи потребата од приредување на играта на среќа заради стекнување на средства за финансирање на потребите на здружението.

Член 21

Министерот за финансии поблиску ќе ги пропише техничките, технолошките, просторните и другите услови како и податоците и документите кои се потребни за приредување на игри на среќа од членовите 18, 20, 48-а, 53, 58-б и 61.

Член 22

За лиценцата и одобрението се плаќа надоместок.

Почетната цена за плаќање на лиценците чиј број е ограничен ја пропишува Владата на Република Македонија со одлука.

Цената за плаќање на лиценците чиј број не е ограничен ја пропишува владата на Република Македонија со одлука.

Цената на одобрението во фиксен износ ја утврдува Владата на Република Македонија со одлука.

Средствата за доделената лиценца имателот на лиценцата е должен да ги уплати и тоа 50% на денот на доделувањето на лиценцата, а остатокот од 50% во еднакви годишни рати најдоцна до 30 јануари во тековната година за секоја година додека трае лиценцата.

Средствата за даденото одобрение за повремено приредување на игри на среќа, имателот на одобрението е должен да ги уплати во еднократен износ и тоа: 50% на денот на издавањето на одобрението, а остатокот од 50% на еднакви месечни рати најдоцна до петтиот ден во месецот за секој месец додека трае одобрението.

Средствата од ставовите 2, 3 и 4 на овој член се приход на Буџетот на Република Македонија.

Член 23

Лиценца за приредување на игри на среќа може да добие трговско друштво кое ги исполнува условите пропишани со овој закон.

Право на лиценца ќе оствари оној побарувач кој ги исполнува условите пропишани со овој закон и ќе обезбеди највисоки стандарди за вршење на оваа дејност.

Член 24

Лиценцата ги содржи правата и обврските на приредувачот на игрите на среќа.

Лиценцата се дава за временски период до шест години.

Лиценцата може да се откаже во отказен рок од шест месеци без право на враќање на уплатениот надоместок за лиценцата.

Член 25

Одобрението за повремено приредување на игрите на среќа се издава во вид на решение.

Решението особено содржи податоци за :

-приредувачот на играта на среќа;
-видот на играта на среќа;
-времетраењето на одобрението;
-местото на приредување на играта на среќа и
-права и обврски на приредувачот.

Против решението со кое е одбиено барањето за издавање на одобрение, може да се поднесе жалба до Владата на Република Македонија.

Член 26

Приредувачот е должен игрите на среќа за кои добил лиценца односно одобрение да ги спроведува без прекин.

Во случај на откажување од лиценцата односно одобрението, мора и понатаму да ги спроведува започнатите игри на среќа, во рок со што ќе се обезбеди завршување на започнатите игри на среќа.

Член 27

Забрането е учество во странски игри на среќа, доколку влоговите се уплаќаат од Република Македонија (собирање влогови за странски игри на среќа во земјата) и деловно отстапување на лозовите (потврда) за игра на странски игри на среќа во Република Македонија.

Член 28

Приредувачите на игрите на среќа кои добиле и на кои им е одземена лиценца се објавуваат во "Службен весник на Република Македонија" и во едно од јавните гласила од дневниот печат.

**2. Правила на игрите на среќа.**

Член 29

Секоја игра на среќа има правила.

Правилата на игрите на среќа ги донесува приредувачот.

Министерот за финансии дава согласност на правилата за игрите на среќа и на правилникот на играчниците со заверка на истите.

Член 30

Во текот на играта на среќа, односно во текот на започнатото коло не можат да се менуваат правилата на играта, а започнатата игра, односно започнатото коло мора да се заврши до крајот, според истите правила.

По исклучок на образложеното барање од приредувачот, Владата на Република Македонија може да даде согласност да се одложи денот или да се промени местото на извлекувањето, односно определувањето на добивката.

Доколку приредувачот на играта на среќа започнал со продажба на лозови, томболски картички и талони или примил уплати, а поради не предвидени околности нема можност да ја заврши играта и таа се откажува, должен е во рок од 30 дена од откажување на играта да им ги врати примените пари на учесниците.

Член 31

Приредувачот на игрите на среќа како општи услови во правилата за приредување на сите игри на среќа ги утврдува:

1) името и времетраењето на играта;

2) условите за учество во играта;

3) местото во кое се приредува играта, односно подрачјето на кое се врши уплатата за учество во играта,

4) висината на влогот, односно цената на лозот, комбинацијата, томболската картичка или жетонот, како и крајниот рок за уплата за учество во играта,

5) видот и вкупната вредност на добивката,

6) количеството и паричната вредност на емисијата на лозовите, односно томболските картички и жетоните,

7) причините поради кои учесниците на играта можат да се повлечат од играта,

8) местото, времето, начинот, постапката и контролата на извлекувањето, односно утврдувањето на резултатите и на добивката,

9) начинот на објавувањето на резултатот од играта и на износот на фондот на добивката,

10) начинот на исплатата, односно остварувањето на добивката,

11) рокот во кој се врши исплатата, односно подигањето на добивката,

12) начинот на запознавање на учесниците во играта со правилата на играта и

13) начинот на ставање на рекламација во врска со приредувањето на игрите на среќа и поднесувањето на приговор од страна на играчот.

Правилата за приредување на наградни игри, покрај елементите од став 1 на овој член, содржат и опис и содржина на потврдата врз чија основа се стекнува право на учество во играта, поединечната вредност на добивките и изворите на средства за исплата, односно покритие на добивките.

Поединечната добивка кај наградните игри која не е од производите и услугите од основната дејност на трговското друштво не може да биде повисока од 10.000 евра во денарска противвредност, а вкупниот награден фонд за добивки не може да биде повисок од 100.000 евра.

Член 32

Правилата на игрите на среќа треба да бидат истакнати и достапни за учесниците во игрите.

Член 33

Според карактерот и видот на игрите на среќа, приредувачот на игрите на среќа како посебни услови во правилата за приредување на игрите на среќа ги утврдува:

1) текот на играта на среќа,

2) приемот на лозовите или потврдата за натпреварувањето,

3) полноважноста на исправата за подигање и исплатувањето на добивките ,

4) односот на износот на добивките спрема износот на уплатените влогови во играта,

5) рангот на добивките и распределбата на износот на добивките по одделни рангови на добивки,

6) поблиски одредби за извлекувањата, бројот и видот на натпреварувањата вклучени во спортската прогноза - натпреварувачките програми,

7) односот на износот на добивката спрема износот на влогот во една серија, и

8) бројот и висината на добивките распоредени на одделни циклуси (класи).

Членот 34
се брише.

Член 35

Извлекувањето на лото, лотарија, ТВ томбола, томбола и дополнителни извлекувања на спортска прогноза се спроведуваат под надзор на лица овластени од министерот за финансии.

Член 36

Приредувачот на игрите на среќа е должен продажбите на лозовите, томболските картички и талоните да ги врши преку продажни места што однапред ги определува.

Согласност за продажните места определени од приредувачот дава министерот за финансии.

## IV. ПОСЕБНИ ИГРИ НА СРЕЌА

Член 37

Посебните игри на среќа се приредуваат во играчница (казино) и посебна просторија - обложувачница.

По исклучок од став 1 на овој член, автоматите за игри на среќа под условите утврдени со овој закон, можат да се поставуваат и надвор од играчниците, односно во автомат - клубови.

Член 38

Приредувачот на посебни игри на среќа е должен да води книга на благајна на начин што овозможува увид во дневната состојба на приходите од посебните игри на среќа.

Книгата на благајна приредувачот е должен да ја води според сметководствените начела, стандарди, принципи и сметководствена практика.

Книгата на благајна може да биде во слободни листови поврзани или пренесени на некои од медиумите за автоматска и микрографска обработка на податоците, така што по потреба можат да се отпечатат или да се прикажат на екран.

Книгата на благајна се чува најмалку десет години.

Министерот за финансии ја пропишува содржината на книгата на благајна од став 1 на овој член.

**1.Играчница**

Член 39

Играчница (КАЗИНО) е посебно уредена просторија во која е обезбедена функционална и техничка опременост, во која се приредуваат игри на среќа, во кои учесниците во играта играат против приредувачот на играта и едни против други и тоа игри на среќа што се приредуваат на маси за игра со топчиња, со коцки и со карти и игри на автомати за игри на среќа.

Член 40

Играчница може да се организира во хотел со "пет" или "четири" ѕвездички или во посебно изграден објект - играчница.

Ако играчницата е во посебно изграден објект-играчница мора да биде обезбедено давање на угостителски услуги според стандардите што одговараат на ресторани и други угостителски објекти за послужување со храна и пијалоци во прва категорија означени со "четири" ѕвездички.

Член 41

Уплатите и добивките кај игрите на среќа во играчница се определуваат во домашна или во странска валута, а ја определува Владата на Република Македонија во лиценцата за организирање на играчницата.

Добивките се исплатуваат во странска валута само ако уплата за учество во играта била извршена во странска валута.

Член 42

Играчница може да почне со работа само врз основа на лиценца за приредување на посебни игри на среќа во играчница.

Лиценца за приредување посебни игри на среќа во казино може да се издаде на трговско друштво кое, покрај условите од членот 18 на овој закон, ги исполнува и следниве услови:

1) формира фонд на резерви што изнесува двократен износ на дотациите на паричните средства по маси за игри на среќа и максималната добивка од автоматите за игри на среќа, но не помал од 100.000 евра, заради гарантирање на безбедноста на работењето и исполнувањето на обврските на играчницата спрема учесниците во игрите;

2) има одвоен и заштитен простор со каса за чување пари и други вредности и за вршење на менувачки работи;

3) располага со просторија чија површина не може да биде помала од 500 м2 освен во посебно опремена просторија во хотел со "пет" или "четири" ѕвездички што не може да биде помала од 400 м2;

4) да бидат поставени најмалку десет маси од разни видови за игри со топчиња, коцки или карти и најмалку 20 автомати за игри на среќа;

5) има обезбеден стручен персонал за водење на игрите односно да ангажира управители кои се стручно способни и кои не се казнувани и осудувани за дела сторени во врска со игри на среќа или забавни игри;

6) има организирано рецепциска служба така што ќе биде гарантиран надзорот на лицата кои доаѓаат во играчницата;

има организирано соодветен надзор врз одвивањето на игрите;

води посебна евиденција на посетителите на играчницата која ги со-држи основните податоци за идентификација на лицата;

има обезбеден контролен систем со детектор за спречување на влез на вооружени лица;

10) има правила на сите видови игри, достапни за учесниците во игрите и

11) има правилник за играчницата.

Член 43

Во играчницата може да се приредуваат само оние, игри на среќа што се наведени во лиценцата за организирање играчница.

Пред издавањето на лиценца за организирање играчница, се обезбедува мислење од Министерството за внатрешни работи.

Кон барањето за издавање на лиценца за организирање на игри на среќа треба да се приложат докази дека се исполнети пропишаните услови со овој закон.

Член 44

Странско правно или физичко лице може да организира посебни игри на среќа во играчница - казино, доколку во рок од една година направи вложувања во земјата во износ од најмалку 5.000.000 евра и да обезбеди вработување на најмалку 250 лица, државјани на Република Македонија.

Член 45

Посетувањето на играчницата е дозволено само на полнолетни лица. Униформирани лица имаат пристап само доколку бидат повикани од овластено лице на играчницата за да ја вршат својата должност.

Пристапот на посетители, во играчница може да се дозволува со плаќање на влезница, а го регулира самиот приредувач, со правилник.

Член 46

Приредувачот на игрите на среќа во играчница е должен да донесе правилник на играчницата што се става на увид на посетителите на пригоден начин преку огласна табла.

Правилникот особено содржи:

1) организација на работата на играчницата со распоред на просториите за работа во играчницата,

2) видови на посебните игри на среќа што се приредуваат во играчницата,

3) услови за влез во играчницата (доказ за идентитет и контрола на посетителите),

4) услови кога на одделни играчи може да им се забрани пристап во играчница или учество во игрите на среќа,

5) работно време и

6) работи и задачи на вработените во играчницата во врска со изведувањето на игрите на среќа.

Член 47

Најмалку три четвртини од вработените во играчницата мора да се државјани на Република Македонија.

На вработените во играчницата им е забрането да учествуваат во игрите што се играат во играчницата или од учесниците (играчите) да примаат (наменски) предмет од било кој вид. Меѓутоа, дозволено е учесниците (играчите) да депонираат наменски предмети што се одредени за сите вработени на корисникот на лиценцата, на определено место предвидено за таа цел во салата на играчницата (типс).

Член 48

Корисникот на лиценцата е должен претходно да побара одобрение од Министерството за финансии за секоја промена на основната главнина поголема од 20% и за идентитетот на лицата кои се сопственици на трговското друштво.

## I-а ИНТЕРАКТИВНИ ИГРИ НА СРЕЌА

Член 48-а

Играчница (казино) за приредување на интерактивни игри на среќа е просторија која е опремена со техничка и функционална опрема со која игрите на среќа се приредуваат на начин што учесниците во играта непосредно или преку средства за телекомуникации играат против приредувачот на игрите.

Член 48-б

Уплатите и добивките кај интерактивните игри на среќа се определуваат во странска валута.

Член 48-в

Играчницата за приредување на интерактивни игри на среќа може да почне со работа само врз основа на лиценца за приредување на интерактивни игри на среќа во играчница.

Лиценца за приредување интерактивни игри на среќа може да се издаде на трговско друштво кое покрај условите од членовите 18 и 42 точки 2), 6),7) и 8) на овој закон ги исполнува и следниве услови:

1) формира фонд на резерви но не помал од 450.000 евра, заради гарантирање на безбедноста на работењето и исполнувањето на обврските на играчницата спрема учесниците во игрите;

2) има одвоен и заштитен простор со каса за чување пари и други вредности и за вршење на менувачки работи;

3) располага со просторија чија површина не може да биде помала од 200 метри квадратни;

4) да бидат поставени најмалку две маси за игри со топчиња;

5) има обезбеден стручен персонал за водење на игрите, односно да ангажира управители кои се стручно оспособени и кои не се казнувани и осудувани за дела сторени во врска со игри на среќа или забавни игри;

6) има обезбедено телекомуникациска, техничка и технолошка опрема која одговара на стандардот за приредување на соодветната игра на среќа одобрена од министерот за финансии;

7) има обезбеден контролен систем за утврдување на автентичноста на идентитетот на учесниците во играта и

8) има правила на сите видови игри достапни за учесниците во игрите, непосредно или преку средствата за телекомуникација.

Член 48-г

Во играчницата за интерактивни игри на среќа може да се приредуваат само оние игри на среќа што се наведени во лиценцата за организирање на интерактивни игри на среќа.

Пред издавањето на лиценца за организирање играчница за интерактивни игри на среќа, се обезбедува мислење од Министерството за внатрешни работи.

Кон барањето за издавање на лиценца за организирање на интерактивни игри на среќа треба да се приложат докази дека се исполнети пропишаните услови со овој закон.

Член 48-д

Приредувачот на интерактивни игри на среќа во играчница е должен да донесе правилник за играчница за интерактивни игри што се става на увид на посетителите на пригоден начин преку огласна табла или преку средства за телекомуникации преку кои се врши играта.

Правилникот особено содржи:

1) организација на работата на играчницата за интерактивни игри на среќа со распоред на просториите во играчницата;

2) видови на игри на среќа кои се организираат во играчниците за интерактивни игри на среќа;

3) услови за влез во играчницата (доказ за идентитетот и контрола на посетителите);

4) услови и начин на пристап на учесниците во игрите преку средствата за телекомуникација;

5) услови кога на одделни играчи може да им се забрани учество во игрите на среќа;

6) работно време и

7) работи и задачи на вработените во играчницата во врска со изведувањето на игрите на среќа.

Приредувачот на интерактивни игри на среќа е должен преку средствата за телекомуникации преку кои се врши играта во секое време на играчот да му ја направи достапна и законската регулатива која се однесува на интерактивните игри на среќа.

Член 48-ѓ

На вработените во играчницата им е забрането да учествуваат во игрите што се играат во играчницата или од учесниците (играчите) да примаат (наменски) предмет од било кој вид. Меѓутоа, дозволено е учесниците (играчите) да депонираат наменски предмети што се одредени за сите вработени на корисникот на лиценцата; на определено место предвидено за таа цел во салата на играчницата (типс) и преку средствата за телекомуникации.

Член 48-е

Корисникот на лиценцата е должен претходно да побара одобрение од Министерството за финансии за секоја промена на основната главнина поголема од 10% и на идентитетот на лицата кои се сопственици на трговското друштво.

Член 48-ж

Приредувачот на интерактивни игри на среќа не смее да дозволи учество во игрите на среќа на лица помлади од 21 година.

Учество во интерактивните игри на среќа на граѓаните на Република Македонија не е дозволено.

Добивките остварени, со учество во игрите спротивно на одредбите на став 1 од овој член приредувачот на интерактивните игри на среќа е должен да ги уплати во Буџетот на Република Македонија.

Член 48-з

Приредувачот на интерактивни игри на среќа задолжително ги регистрира учесниците во играта на среќа.

Секој учесник во играта е должен да поднесе барање за учество во играта во форма која ја утврдува министерот за финансии.

Лицето кое поднело барање за учество во играта нема да се регистрира како учесник доколку не даде сигурни докази за:

а) идентитетот;

б) возраста;

в) местото на живеење; односно престојување и

г) сметката преку која ќе се врши уплатата и исплатата.

Приредувачот на интерактивни игри на среќа не смее да дозволи регистрираниот играч да учествува во игрите на среќа се додека не ја утврди автентичноста на идентитетот на играчот преку својот контролен систем.

Член 48-ѕ

Приредувачот на интерактивни игри на среќа смее да прифати влог само од сметка на регистриран играч и доколку на сметката има доволно средства да го покрие износот на влогот.

Приредувачот на интерактивни игри на среќа е должен по барање на играчот остварените парични добивки да ги пренесе на сметка одредена од играчот во рок од три работни дена од денот на приемот на барањето.

Приредувачот на интерактивни игри на среќа не смее на играчите да им одобрува позајмици или да посредува во обезбедување на позајмици за сметка на играчот.

Член 48-и

Приредувачот на интерактивни игри на среќа не смее од сметката на играчот да врши исплати, освен:

а) за влогови направени од играчот;

б) за исплата на добивки по барање на играчот и

в) ако поинаку не е утврдено со овој закон.

Ако не е евидентирана ниту една промена на сметката на играчот во период од 120 дена, приредувачот е должен средствата од сметката да ги пренесе на играчот, а доколку тој не може да биде пронајден ги пренесува на посебна сметка во буџетот на Република Македонија.

Член 48-ј

Приредувачот на интерактивни игри на среќа, вработените или други лица поврзани со спроведувањето на интерактивни игри на среќа, не смеат да откриваат или користат податоци и информации до кои дошле за учесниците во игрите.

Податоците и информациите од став 1 на овој член може да се дадат само ако со тоа се согласил играчот или ако тоа е утврдено со закон.

Член 48-к

Регистрираниот играч може со писмена изјава до приредувачот на интерактивни игри на среќа да го утврди максималниот износ на секој поединечен влог или вкупниот износ на влогот за одреден временски период.

Играчот кој го утврдил максималниот износ на влогот согласно со став 1 на овој член истиот може да го промени со писмена изјава дадена кај приредувачот или преку средства за телекомуникации на начин преку кој може да се утврди автентичноста на изјавата.

Приредувачот на интерактивни игри на среќа не смее да прими влог повисок од износот утврден од играчот.

Член 48-л

Паричната добивка остварена со учество во играта приредувачот на интерактивни игри на среќа е должен веднаш да му ја исплати на играчот.

Добивката од ставот 1 на овој член што не е подигната во период од една година од денот на завршувањето на играта во која истата е остварена, се уплатува на посебна сметка во Буџетот на Република Македонија.

Член 48-љ

Ако во текот на играта поради неисправност на оперативниот или телекомуникацискиот систем дојде до прекин на играта приредувачот на интерактивни игри на среќа е должен на играчот да му го врати износот на уплатениот влог во играта во рок од 7 дена од денот на настанувањето на прекинот.

Доколку приредувачот на интерактивни игри на среќа утврди дека добивката е остварена со недопуштена употреба на средствата за телекомуникација може истата да ја задржи.

Член 48-м

Учесниците во интерактивните игри на среќа можат да поднесат приговор до приредувачот на интерактивни игри на среќа доколку сметаат дека играта се спроведува спротивно на правилата на играта.

Приговорот треба да биде во писмена форма , да содржи податоци за името, адресата, телефонски број или ознака на електронската пошта на подносителот, како и образложение за причините поради кои се поднесува.

Приредувачот на интерактивни игри на среќа е должен за поднесениот приговор писмено да го извести подносителот во рок од 15 дена од приемот на приговорот.

Член 48-н

Кога приредувачот на интерактивни игри на среќа ќе утврди или основано ќе се посомнева дека одредено лице со против правно дејствие при спроведувањето на играта прибавило определена имотна корист за себе или за некое трето лице должен е во рок од 24 часа да го извести министерот за финансии со барање за преземање соодветни мерки.

## 2. АВТОМАТИ ЗА ИГРА НА СРЕЌА

Член 49

Автоматите за игри на среќа се апарати на кои учесникот во играта може да оствари добивка со нивно пуштање во работа со жетони, со системи, клучеви или друг начин, со комбинации и знаци видливо истакнати на комбинаторните валци (добиена линија).

Член 50

Автоматите за игри на среќа мора да имаат вградени три шестцифрени бројачи што го регистрираат бројот и тоа: бројот на влезни жетони или кредити на автоматот; бројот на исплатени добивки во метални пари, жетони или на друг начин од кредитот и бројот на исплатените добивки од џек-потот во пари.

Член 51

Кога автоматите за игри на среќа се сместени во играчниците - казина, плаќањето може да се врши (уплата за учество во игрите и исплатата на добивките) во домашна валута или во странска валута.

Член 52

Автомат - клуб е посебно уредена просторија во хотел со "пет", "четири" или "три" ѕвездички или во посебно изградена просторија во која се приредува-ат само игри на автомати за игри на среќа.

Член 53

Автомат - клуб може да се организира во просторија чија површина не може да биде помала од 90 м2 и со поставени најмалку 15 автомати.

Во автомат-клуб или во играчница, за секој автомат поединечно, приредувачот задолжително треба да обезбеди простор од најмалку 3 метри квадратни.

Во автомат- клуб мора да се обезбеди давање угостителски услуги храна (исклучително ладни јадења) и пијалаци кои се послужуваат покрај пулт или шанк и одвоен заштитен простор со каса за чување пари и други вредности.

Член 54

Странско правно или физичко лице може да организира автомат-клуб само во сопствен хотел со "пет" или "четири" ѕвездички, доколку за време од една година направи вложувања во земјата во износ од 500.000 евра и да обезбеди вработување на најмалку 10 лица-државјани на Република Македонија.

Член 55

Пред издавањето на лиценцата за организирање автомат-клуб се обезбедува мислење од Министерството за внатрешни работи.

Кон барањето за лиценца за организирање автомат клуб мора да се приложат докази дека се исполнети пропишаните услови, правила за игри на среќа што ќе се приредуваат и изводот од уписот на приредувачот на играта и на неговите основачи во трговскиот регистар.

Член 56

Условите за посета на автомат-клубот ги определува корисникот на лиценцата, а ги одобрува министерот за финансии.

Пристапот на лица помлади од 18 години во автомат клубовите е забранет.

Член 57

Автоматите за игри на среќа мора да обезбедат добивка за учесниците во играта да не биде помала од 87% од вкупно вложените средства регистрирани во апаратот.

Член 58

На вработените во автомат -клубот им се забранува учество во игрите.

## 2-а ОБЛОЖУВАЊЕ НА СПОРТСКИ НАТПРЕВАРИ

Член 58-а

Обложувањето на спортски натпревари е посебна игра на среќа во која учесникот може да оствари добивка со обложување на различни настани од спортски натпревари.

Начинот на обложувањето се врши со впишување на определени податоци на талон или на друг начин, во зависност од правилата на играта и од опремата што ја поседува приредувачот за организирање на играта на среќа.

Член 58-б

Обложувањето на спортски натпревари може да се приредува во посебна просторија-обложувачница, која не смее да биде помала од 60 метри квадратни и во која приредувачот може да обезбеди послужување на пијалаци кои се послужуваат покрај пулт или шанк.

Приредувачот на игри на среќа во обложувалница е должен да донесе правилник на обложувалницата за организацијата и начинот на работа и истиот да го стави на увид на посетителите на соодветен начин.

Член 58-в

Странско правно или физичко лице може да организира посебни игри на среќа во обложувачница, доколку за време од една година направи вложувања во земјата во износ од најмалку 1.000.000 евра и обезбеди вработување на најмалку 10 лица-државјани на Република Македонија.

Член 58-г

Условите за посета на обложувалницата и местата за приредување на играта на среќа обложување на спортски натпревари ги определува имателот на лиценцата, а ги одобрува министерот за финансии.

Во обложувалницата е забранет пристап на лица помлади од 18 години.

Член 58-д

Секое приредување на играта на среќа во обложувалница на друга локација, подлежи на ново одобрение од страна на министерот за финансии.

Член 58-ѓ

Лицата вработени во обложувалницата не можат да бидат странски државјани, ниту да се казнувани и осудувани за дела сторени во врска со игри на среќа или забавни игри.

На лицата вработени во обложувалницата им се забранува учеството во игрите.

## 2-б ОБЛОЖУВАЊЕ НА СПОРТСКИ НАТПРЕВАРИ ПРЕКУ ИНТЕРНЕТ

Член 58-е

Обложувањето на спортски натпревари преку интернет е посебна игра на среќа во која се остварува добивка со познавање и обложување на различни спортски натпревари.

Добивките се изготвуваат врз основа на претходно изготвени коефициенти од страна на приредувачот на играта, а висината на коефициентот зависи од бројот на играчите.

Член 58-ж

За да може да се учествува во играта на среќа-Обложување на спортски натпревари преку интернет, учесникот во играта треба да е полнолетен, да е регистриран на веб сајтот на дадената игра и да внесе минимум депозит од 25 евра.

Член 58-з

Уплатата и добивките кај играта на среќа-Обложување на спортски натпревари преку интернет, се определуваат во странска валута.

Член 58-ѕ

Приредувачите на играта на среќа-Обложување на спортски натпревари преку интернет, можат да бидат домашни и странски државјани.

Учество во играта на среќа-Обложување на спортски натпревари преку интернет, на граѓаните на Република Македонија не е дозволено.

## В. ЗАБАВНИ ИГРИ

Член 59

Забавни игри може да се приредуваат во посебно уредени забавни клубови, забавни клубови што се организирани како подвижни објекти, како и во угостителски објекти.

Член 60

Забавни игри може да приредува домашно правно или физичко лице.
Странско правно или физичко лице не може да организира забавни игри.

Член 61

Забавен клуб може да се приредува во посебни простории чија површина не може да биде помала од 20 м2 освен кога се организира како подвижен објект.
Во забавниот клуб мора да бидат поставени најмалку пет апарати за забава (видео игри, флипери, пикадо, фудбал на маса и слично).
Доколку забавниот клуб се организира како билијард клуб, тогаш мора да се обезбеди простор од 15 м2 по билијард маса.
Во забавни клубови организирани како подвижни објекти може да бидат поставени најмалку десет апарати за забава.
Во угостителски објекти со површина до 50 м2 се забранува да се поставаат автомати за забава, а во објектите над 50 м2 може да се поставаат најмногу пет апарати за забава.

Член 62

Во забавен клуб се забранува приредување игри на автомати за игри на среќа.

Член 63

Одобрение за приредување на забавни игри се издава со надоместок.
Владата на Република Македонија со одлука го определува надоместокот во фиксен износ од став 1 на овој член.
Кон барањето за одобрение за приредување забавен клуб, односно поставување апарати за забава во угостителски објект, мора да се приложат докази дека се исполнети пропишаните услови, упатство за начинот на ставање на апаратот во погон и опис на играта, видот и бројот на апаратите, односно направите за забава, местото каде што се поставуваат апаратите, односно угостителскиот објект доколку се поставуваат во угостителски објекти и податоци за организаторот на забавните игри.
Против решението со кое е одбиено барањето за добивање одобрение може да се поднесе жалба до Владата на Република Македонија.

Член 64

Секое преместување на апаратите за забава на друга локација се бара согласност од министерот за финансии.

## IV. РАСПОРЕДОТ, ПОЧЕТОКОТ И ЗАВРШУВАЊЕТО НА РАБОТНОТО ВРЕМЕ ПРИ ПРИРЕДУВАЊЕ НА ИГРИТЕ НА СРЕЌА И ЗАБАВНИТЕ ИГРИ НА АПАРАТИТЕ

Член 65

Приредувачите на игрите на среќа и на забавните игри можат да работат секој работен ден, недела и празничен ден.

Член 66

Распоредот, почетокот и завршувањето на работното време, доколку приредувањето на игрите на среќа се врши во угостителски објект, се врши во рамките на работното време определено за соодветниот објект.

Приредувачот на посебни игри на среќа во играчница или автомат клуб во посебно уредени простории за таа цел може да се врши од 00,00 до 24,00 часот.

Приредувањето на игрите на среќа (општи) кога се врши во други објекти, може да се врши од 9,00 до 24,00 часот, а во деновите петок, сабота и празнични денови од 9,00 до 02,00 часот.

Член 67

Објектите во кои се поставени апаратите за забавни игри можат да работат од 9,00 до 22,00 часот, а во лето до 24,00 часот.

Член 68

Приредувачите на игрите на среќа и забавните игри самостојно го определуваат работното време, согласно со одредбите на овој закон.

Работното време приредувачот на игрите на среќа и забавните игри го истакнува на видно место при влезот на објектот.

## VII. УСЛОВИ И НАЧИН НА СТАВАЊЕ НА АВТОМАТИТЕ ЗА ИГРИ НА СРЕЌА И АПАРАТИТЕ ЗА ЗАБАВНИ ИГРИ ВО УПОТРЕБА

Член 69

Автоматите за игри на среќа и апаратите за забавни игри при ставањето во употреба мора да бидат технички исправни.

Утврдувањето на техничката исправност и поправката на автоматите за игри на среќа и апаратите за забавни игри ја вршат овластени правни лица од министерот за финансии.

Овластувања од став 2 на овој член можат да добијат само оние правни лица кои не приредуваат игри на среќа и забавни игри или не изнајмуваат автомати за игри на среќа и забавни игри.

Член 70

За техничката исправност на автоматот за игри на среќа и забавни игри овластеното правно лице издава уверение за исправност на автоматот, односно апаратот.

Начинот, условите и роковите на утврдувањето на техничката исправност на автоматите за игри на среќа и апаратите за забавни игри и формата на исправноста со која се утврдува техничката исправност на автоматите и апаратите ги пропишува министерот за финансии.

Член 71

Технички исправните автомати за игри на среќа и забавни игри задолжи-телно се жигосуваат.

Министерот за финансии поблиску го уредува видот и обликот на жигот.

Член 72

Автоматите за игри на среќа и забавни игри кои се технички исправни и имаат жиг можат да бидат ставени во употреба ако имаат плочки за означување и регистрација.

Плочки за означување и регистрација имаат и масите за игри со топчиња, коцки или карти што се во употреба.

Евиденција и регистрација издадените плочки за означување и регистрација води Министерството за финансии. Начинот на водење евиденција регистарот и формата и содржината на плочката ја пропишува министерот за финансии.

## VIII. ФОНД НА ДОБИВКА И УТВРДУВАЊЕ И ОСТВАРУВАЊЕ НА ДОБИВКАТА ВО ОПШТИТЕ ИГРИ НА СРЕЌА

Член 73

Фондот на добивката на игрите на среќа се утврдува од основицата која кај лотаријата и инстант лотаријата ја чини вкупната вредност на емисијата на лозовите, а кај томболата, лотото и спортската прогноза вкупната вредност на уплатата за учество во играта.

Фондот на добивките во одделни игри на среќа мора да изнесува најмалку 55% од основицата од став 1 на овој член.

Средствата наменети за фондот на добивките приредувачот ги депонира на посебна сметка се до нивната целосна исплата.

Начинот на депонирање и исплатата на фондот на добивка го регулира министерот за финансии со посебен правилник.

Член 74

Утврдувањето на резултатите од игрите на среќа што се приредуваат со лиценца и утврдувањето на добивките, освен кај посебните игри на среќа, се врши јавно, од посебна комисија од тројца члена именувани од Министерството за финансии.

За утврдување на резултатите и за добивките се составува записник што го потпишуваат сите членови на комисијата. Во записникот се внесува времето, местото и текот на постапката на извлекување, извештај за утврдените резултати и на добивките, како и видот, бројот и вредноста на добивките. Еден примерок на заверен записник приредувачот е должен да достави до Министерство за финансии.

Член 75

Извештајот за утврдувањето на резултатите и на добивките од играта на среќа приредувачот е должен да го објави веднаш, а најдоцна во рок од три работни дена од денот на извршеното извлекување на добивките, односно од денот на утврдувањето на резултатите од играта, преку средствата за јавно информирање.

Член 76

Исплатата, подигањето, односно остварувањето на добивките се врши во рокот определен со правилата на играта на среќа, што не може да биде подолг од 60 дена од денот на објавувањето на извештајот за резултатите и за добивките од играта.

По истекот на рокот од став 1 на овој член застарува правото на исплата односно правото на остварување на добивката.

Неисплатените добивки од став 2 на овој член се приход на Буџетот на Република Македонија и ќе се распределат согласно со член 4 на овој закон.

Имателот на исправа за уплатен износ на учество во играта има право во рокот утврден во правилата на играта, да поднесе приговор до приредувачот на играта за признавање на правото на добивката. Доколку приговорот биде одбиен, имателот на исправата може во рок од 30 дена од денот на приемот на известувањето за одбивање на приговорот, со тужба до надлежниот суд да бара признавање на правото на добивка.

## IX. ПОСЕБНИ НАДОМЕСТОЦИ

Член 77

Сопствениците, односно корисниците на автоматите за игри на среќа и на апаратите за забавни игри за утврдување на нивната техничка исправност на овластениот извршил на техничкиот преглед му плаќаат надоместок според ценовникот на извршителот на кој согласност дава Министерството за финансии.

Член 78

Сопствениците, односно корисниците на автоматите за игри на среќа и на апаратите за забавни игри за жигосување на автоматот, односно апаратот на овластениот извршил му плаќаат надоместок според ценовник за кој согласност дава министерот за финансии.

Член 78-а

По член 78 се додава нов член 78-а кој гласи:

Приредувачите на посебни игри на среќа и на забавни игри според видот на играта, плаќаат надоместок во месечен износ и тоа:

- за рулет маса во играчница 3. 000 евра
- за други маси во играчница 1. 725 евра
- за автомат за игри на среќа на кој може да се учествува само еден играч 375 евра
- за автомат за игри на среќа на кој истовремено можат да учествуваат повеќе играчи 675 евра
- за апарат за забава 10 евра

Надоместокот од став 1 на овој член се плаќа во денарска противвредност по средниот курс на Народната Банка на Република Македонија што се применува на денот на уплатата.

Член 79

Членот 79 е укинат.

Член 79 - а

Приредувачите на општите игри на среќа: лото, спортска прогноза, лотарија, инстант лотарија, томбола, посебната игра на среќа-Обложување на спортски натпревари, интерактивни игри на среќа и обложување на спортски натпревари преку интернет плаќаат посебна давачка од 4% на вкупно остварените уплати од продажба на лозовите, талоните, томболските картички и инстант лотарија на посебна уплатна сметка - трезорската сметка.

Средствата од посебната давачка од став 1 на овој член во висина од 48% се издвојуваат во посебен фонд за изградба и одржување на спортски објекти во сопственост на Република Македонија, а 2% за посебен фонд против семејното насилство.

Приредувачите на наградните игри, плаќаат посебна давачка од 18% на вкупниот износ на наградниот фонд според правилата на игра.

Член 80

Обврската од член 79 став 1 на овој закон се плаќа до петнаесетти во месецот за тековниот месец.

Доказ за уплатата од став 1 на овој член се доставува до Министерството за финансии во рок од три дена од денот на уплатата.

Во поглед на присилната наплата, каматата, застареноста за плаќање на обврските од членовите 79 и 79 - а на овој закон, соодветно ќе се применуваат одредбите од Законот за персоналниот данок од доход.

Член 81

Приредувачите на игрите на среќа во автомат-клубовите се должни на Министерството за финансии да му доставуваат месечни извештаи за работа и тоа до петнаесетти во тековниот месец за претходниот месец.

Министерот за финансии ја пропишува содржината на извештајот.

Член 81 - а

Трговското друштво кое добило лиценца за постојано приредување игри на среќа е должно да доставува финансиски извештај за извршена ревизија од страна на овластен ревизор. Извештајот се доставува до Министерството за финансии во рок од шест месеци по завршувањето на финансиската година.

## X. ТАЈНОСТ НА ИГРИТЕ

Член 82

Приредувачите на игрите на среќа, вработените, договорните партнери, како и други лица кои работат за приредувачот мораат да ја чуваат тајната за учесниците и нивното учество во играта (добивка или губиток). Доколку органите на управата при вршењето на службената дејност дознаат факти што подлежат на тајност во поглед на

играта, треба тајноста да ја третираат како службена тајна од која се ослободени само во случаите утврдени со овој закон.

Обврска за чување на тајната не постои:

1) во постапката по граѓански или кривични предмети;

2) во постапката за наследување и старателство и

3) доколку учесникот во играта изречно се согласи со откривањето на тајната.

## XI. НАДЗОР И КОНТРОЛА

Член 83

Надзор над спроведувањето на одредбите од овој закон врши Министерството за финансии.

(2)Инспекциски надзор и контрола над спроведувањето и примена на овој закон и прописите донесени врз основа на овој закон врши Управата за јавни приходи.

Член 84

Инспекциски надзор и контрола во приредувањето на игрите на среќа вршат даночни инспектори.

Во вршењето на надзорот и контролата инспекторот ги врши следниве работи:

- контрола на приредувањето на игрите на среќа (дали игрите на среќа се изведуваат согласно со лиценцата, односно одобрението и правилата на игрите на среќа);
- постоењето на условите пропишани во овој закон за приредување на игрите на среќа и забавните игри;
- контрола на деловните и другите простории во кои се врши приредувањето на игрите на среќа и забавните игри;
- контрола на автоматите за игри на среќа, апаратите за забавни игри, во однос на нивниот број, техничката исправност и жигот и проверка на плочките за означување на автоматите за игри на среќа, апаратите за забавни игри и масите на кои се приредуваат игрите на среќа;
- контрола на правилноста на водењето на деловните книги и другата документација сврзана со приредувањето на игрите на среќа и забавните игри;
- контрола на плаќањето на даноците и другите давачки утврдени со овој закон;
- контрола на томболските картички и лозови;
- контрола за депонираниот банкарски депозит за обезбедување на исплатата на добивките;
- контрола за уплатата на надоместоците за лиценци и одобренија;
- контрола на приредувањето на игрите на среќа при откажувањето на лиценцата односно одобрението;
- контрола на достапноста на правилата за приредување игри на среќа на учесниците во игрите;
- контрола за спроведување на игрите на среќа под надзор на овластени лица од министерот за финансии;

- контрола на продажните места на лозовите, томболските картички и талоните;
- контрола за исполнувањето на законски услови за работа на играчница, обложувачница и автомат клуб;
- контрола за посета на лицата во просториите каде што се приредуваат посебни игри на среќа;
- контрола на примената на правилникот на играчницата - казино, обложувачница и автомат ;
- контрола на вработените ;
- контрола на износот на уплатените средства, висината на наградниот фонд, како и контрола на депонирањето на овие средства на посебна сметка;
- контрола за учество на вработените лица кај приредувачот, во игрите на среќа;
- контрола на работењето на забавните клубови и промена на локацијата на апаратите за забава;
- контрола на работното време на просториите во кои се приредуваат игри на среќа и забавни игри;
- контрола на објавувањето, исплатата и подигањето на добивките на добитниците од игрите на среќа ;
- контрола врз неповредливост на тајноста на податоците за учество на учесниците и добивките од игрите на среќа, од страна на приредувачот или лицата кои непосредно се поврзани со него и
- врши и други работи заради контрола на изведувањето на игрите на среќа и организирањето на забавните игри согласно со овој закон.

Член 85

Во казината, автомат клубовите и во кладилниците се врши надзор и контрола во секое време.

Надзорот и контролата од став 1 на овој член ги врши даночен инспектор.

Член 86

Ако во постапката на контролата се утврдат незаконитости, односно неправилности во приредувањето на игрите на среќа, и забавните игри, даночниот инспектор донесува решение со кое на приредувачот на игрите на среќа, и забавните игри му се наложува преземање на дејствија за отстранување на незаконитостите и неправилностите.

Доколку приредувачот на игрите на среќа, и забавните игри не ги отстрани неправилностите, односно незаконитостите во рокот определен во решението од став 1 на овој член, даночниот инспектор доставува известување до Министерот за финансии кој може да покрене постапка за одземање на лиценцата, односно да го одземе одобрението за приредување на игрите на среќа и забавните игри.

Член 87

Даночниот инспектор во случаите кога приредувањето на игрите на среќа, и забавните игри се врши спротивно на издадената лиценца, односно одобрение, спротивно на правилата за игри на среќа или констатира дека дошло до измена на условите пропишани во законот за приредување на игрите на среќа, односно организирање на забавни игри, при- времено го забранува приредувањето на игрите на среќа, односно организирањето на забавните игри, врши запечатување на играчницата односно просторијата во која се изведуваат игрите на среќа, односно забавните игри.

Даночниот инспектор, исто така, го забранува приредувањето на игрите на среќа  и забавните игри што се приредуваат без лиценца , односно одобрение, врши запечатување на играчницата како и просторијата во која се изведуваат игрите на среќа односно забавните игри.

Член 88

Министерот за финансии за случаите од член 87 став 1 на овој закон поднесува предлог до Владата на Република Македонија за одземање на лиценцата, односно го одзема одобрението за приредување на игрите на среќа и забавните игри.

Кога приредувачот на игрите на среќа не го уплати надоместокот во рокот утврден во член 22 став 2, министерот за финансии поднесува предлог до Владата на Република Македонија за одземање на лиценцата или одобрението.

Член 89

Доколку даночниот инспектор во контролата утврди дека постои основано сомнение дека е сторено кривично дело или прекршок утврден со овој закон, должен е да поднесе пријава до надлежниот суд.

## XI. КАЗНЕНИ ОДРЕДБИ
### 1.Кривично дело

**Член 89-а**

Одговорното лице на правното лице и физичкото лице кое со своето работење ќе ги повреди одредбите од овој закон на начин што против правно ќе прибави имотна корист за себе или за друг или ќе предизвика штета од поголем обем со приредување игри на среќа и забавни игри, ќе се казни со казна затвор од една до пет години.

Имотната корист прибавена со извршеното кривично дело од ставот 1 на овој член се одзема со судска одлука.

**Член 90**

Глоба во износ од 4.000 до 5.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на правното лице:

1)ако организира играчница, односно приредува други игри на среќа утврдени со овој закон без лиценца, односно одобрение од надлежен орган (член 8);

2)ако ја пренесе лиценцата, односно одобрението на друг приредувач (член 8 став 2);

3)кое не се придржува на условите утврдени во лиценцата, односно одобрението на дозволената игра на среќа (членови 24 и 25);

4)кое организира забавни игри без одобрение од надлежен орган (член 63);

5)кое надвор од играчницата приредува игри на среќа што се приредуваат само во играчница (член 37 став 1);

6)ако на неисправен автомат, односно апарат издаде уверение за исправност (член 70);

7)кое ја спроведува играта на среќа и по одземањето на лиценцата, односно одобрението (членови 87 и 88);

8)ако приредува игри на среќа и забавни игри кои не се предвидени со овој закон или не се сметаат за игри на среќа и забавни игри со овој закон (член 2);

9)ако при приредувањето на наградна игра постапува спротивно на одредбите од овој закон (член 31);

10)ако не го уплати надоместокот за лиценцата или одобрението, согласно одредбите од овој закон (член 22);

11)ако во случај на откажување на лиценцата или одобренијата, не ја спроведе започнатата игра на среќа до нејзиното завршување (член 26);

12)ако не ја врши продажбата на лозовите, томболските картички и талоните само на продажни места одобрени од министерот за финансии (член 36);

13)ако надвор од обложувалницата, приредува обложување на спортски натпревари (член 58-б);

14)ако на автоматите за игри на среќа се вградени бројачи спротивно на одредбите од овој закон (член 50);

15)ако дозволи учество на малолетни лица во посебните игри на среќа (членови 45, 56 и 58-г);

16)ако фондот на добивките го утврди спротивно на одредбите од овој закон (член 57);

17)ако средствата наменети за добивките ги депонира спротивно на овој закон (член 73);

18)ако приредува игри на среќа на автомати во забавен клуб (член 62);

19)ако ги преместува апаратите за забава на друга локација без претходно одобрение (член 64);

20)ако при приредувањето на игри на среќа и забавни игри не го врши во утврденото работно време согласно со овој закон (членови 66, 67 и 68);

21)ако стави во употреба технички неисправни автомати за игри на среќа и апарати за забавни игри (членови 69, 70, 71 и 72);

22)ако не го плаќа месечниот паушал на посебните игри на среќа и на забавните на начин утврден со овој закон (член 79);

23)ако оддаде тајна која му е достапна како службена тајна со што ќе постапи спротивно на одредбите од овој закон (член 82);

24)ако игрите на среќа ги спроведува без присуство на овластени лица (член 74).

Глоба во износ од 500 до 1.000 евра во денарска противвредност за прекршок од ставот 1 на овој член ќе му се изрече на одговорното лице во правното лице.

За прекршокот од ставот 1 на овој член на правното лице покрај глобата ќе му се изрече и прекршочна санкција привремена забрана за вршење на дејност во траење од шест месеци до две години, а на одговорното лице во правното лице забрана за вршење на професија, дејност или должност во траење од една до три години.

**Член 91**

Глоба во износ од 4.000 до 5.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на правно лице:

1)не води книга на благајна на начин кој овозможува увид во дневната состојба на приходите од посебните игри на среќа (член 38);

2)приредува игри на среќа во играчница или автомат - клуб со плаќање спротивно од одредбите на овој закон (член 41);

3)приредува игри на автомат за игри на среќа на кој може да се оствари добивка над износот утврден со овој закон (член 57);

4)не ги уплати неисплатените добивки во Буџетот на Република Македонија (член 76) и

5)ако објавувањето на извештајот за утврдување на резултатите или остварените добивки од играта на среќа и исплатата на истите ја врши спротивно на овој закон (член 75).

Глоба во износ од 500 до 1.000 евра во денарска противредност ќе му се изрече за прекршокот од ставот 1 на овој член на одговорното лице во правното лице.

За прекршокот од ставот 1 на овој член на правното лице покрај глобата ќе му се изрече и прекршочна санкција привремена забрана за вршење на дејност во траење од шест месеци до две години, а на одговорното лице во правното лице забрана за вршење на професија, дејност или должност во траење од една до три години.

**Член 92**

Глоба во износ од 4.000 до 5.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на правното лице:

1)стави во промет томболски картички и лозови спротивно на начинот утврден со овој закон (член 11);

2)корисникот на лиценцата спротивно на овој закон учествува во странски игри на среќа (член 15);

3)собира влогови за странски игри на среќа во земјата и деловно отстапените лозови потврди за игри на странски игри на среќа во земјата;

4)-се брише(13/2001)

5)приредува игри на среќа спротивно на правилата на играта на среќа и во текот на играта ги менува правилата на играта (член 30)

6)утврдувањето и остварувањето на добивката не се врши на начин пропишан со одредбите на овој закон (член 73);

7)приредувачот не достави до надлежниот орган заверен записник за утврдените резултати и добивките од завршената игра на среќа (член 74 став 2) и

8)ако не доставува месечни извештаи за работењето во согласност со овој закон (член 81).

Глоба во износ од 500 до 1.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршокот од ставот 1 на овој член на одговорното лице во правното лице.

За прекршокот од ставот 1 на овој член на правното лице покрај глобата ќе му се изрече и прекршочна санкција привремена забрана за вршење на дејност во траење од шест месеци до две години, а на одговорното лице во правното лице забрана за вршење на професија, дејност или должност во траење од една до три години.

Член 93

Глоба во износ од 4.000 до 5.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на правно лице ако правилникот за работа на играчница и правилата за секој вид игри на среќа не ги истакне на начинот пропишан со одредбите на овој закон (член 32 став 2).

Глоба во износ од 500 до 1.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршокот од ставот 1 на овој член на одговорното лице во правното лице.

Член 94

Глоба во износ од 500 до 1 000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на лице вработено во играчница, ако:

1)лицето вработено во играчница кое учествува во посебна игра на среќа во играчница (член 47) и

2)лицето вработено во играчницата ако прими предмети од било кој вид, освен во случаите од член 47 став 2 на овој закон.

Член 95

Глоба во износ од 500 до 1 000 евра во денарска противвредност за прекршок ќе му се изрече на поединец , ако:

1) поединец кој ќе приреди која и да било игра на среќа во вршењето на самостојна дејност или професија (членови 18 и 20) и

2) поединец во вршењето на самостојна дејност ќе организира забавни игри без одобрение од надлежен орган (член 63).

**XIV. ТРАНСФОРМАЦИЈА НА ОПШТЕСТВЕНИОТ**

## КАПИТАЛ ВО ЛОТАРИЈА НА МАКЕДОНИЈА

Член 96

Трансформација на општествениот капитал во Лотарија на Македонија ќе се врши под услови и постапка утврдени со Законот за трансформација на претпријатијата со општествен капитал, доколку со овој закон не е поинаку уредено.

Член 97

(1)Одлука за трансформација Лотарија на Македонија донесува во рок од шест месеци од денот на влегувањето во сила на овој закон.

(2)Ако одлуката за трансформација не се донесе во рокот утврден во став 1 на овој член постапката за трансформација ќе ја спроведе Агенцијата на Република Македонија за трансформација на претпријатијата со општествен капитал.

Член 98

Пред донесување на одлуката за трансформација на Лотарија на Македонија се врши процена на вредноста на општествениот капитал, согласно со Методологијата за процена на вредноста на претпријатијата со општествен капитал.

Член 99

Трансформацијата на Лотарија на Македонија ќе се изврши со организирање како акцонерско друштво според начините и постапката утврдени во Законот за трансформација на претпријатијата со општествен капитал.

## XV. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 100

(1)Постојните приредувачи на посебните игри на среќа продолжуваат да работат до издавањето на првите лиценци за пиредување на игри на среќа по правниот оглас за издавање на лиценци за приредување на игрите на среќа согласно со овој закон, а за другите игри на среќа до рокот утврден во решението со кое е дозволено приредување на игрите на среќа.

(2)Лотарија на Македонија продолжува со приредувањето на општите игри на среќа до издавањето на првите лиценци за приредување на општите игри на среќа по првиот објавен оглас согласно со овој закон.

Член 100-а

(1)По исклучок во првата година по влегување во сила на овој закон, лиценца за организирање на посебни игри на среќа во играчница, односно автомат клуб, може да се издаде и под услов во рок од шест месеци од денот на добивањето на лиценцата да се инвестира во хотелот во кој ќе се приредуваат посебните игри на среќа за исполнување на условите за добивање на категорија од четири, односно пет ѕвездички.

(2)Имателите на лиценца за организирање на посебни игри на среќа ги намируваат надоместоците утврдени во овој закон од денот на добивањето на лиценцата.

(3)Во случај имателот на лиценцата да не ги исполни условите утврдени во став 1 на овој член, лиценцата е добиена под тие услови, лиценцата се одзема средствата уплатени на име надоместок за лиценцата не се враќаат.

Член 101

Организаторите на забавните игри го продолжуваат своето работење во наредните шест месеци од денот на влегувањето во сила на овој закон, во кој рок се должни да го усогласат своето работење со одредбите на овој закон и да поднесат ново барање за издавање на одобрение за организирање на забавни игри.

Член 102

Како приредувачи на игрите на среќа и организатори на забавните игри согласно со условите утврдени со овој закон можат да се јават и правни лица ако до поднесувањето на барањето за добивање лиценца, односно одобрение не се оргнаизирани како трговски друштва со обврска тоа да го сторат во рокот утврден со Законот за трговски друштва.

Член 103

Со денот на влегувањето во сила на овој закон престанува да важи Законот за игрите на среќа и забавните игри на автомати ("Службен весник на СРМ", број 17/87, 26/87, 51/88, 36/89 и "Службен весник на Република Македонија", број 38/91, 4/93 и 27/95).

Член 104

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".

**ОД ТЕКСТОТ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИГРИТЕ НА СРЕЌА И ЗА ЗАБАВНИТЕ ИГРИ**
**(Сл. весник на РМ број 54/3.05.2007 година**

Член 14

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија", освен одредбата од членот 4 став 2 на овој закон (член 79-а став 2 од Законот) која ќе се применува од 1 јануари 2008 година.